Барај...

РАДИО МОФ
RADIOMOF.MK

ПУШТИ РАД

ВИДЕО ПОДКАСТИ #МЛАДИ ОБРАЗОВАНИЕ КУЛТУРА АНАЛИЗИ ИСТРАЖУВАЊА SHQIP #МЛАДИН

СЕ НАОЃАТЕ НА: Дома » Вести » ЗНМ го осудува попречувањето на работата на снимателот на ТВ Тера и бара итно постапување од МВР и ОЈО

ЗНМ го осудува попречувањето на работата на снимателот на ТВ Тера и бара итно постапување од МВР и ОЈО



04/08/2026 - 19:00 ВЕСТИ

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) најостро го осудува попречувањето на професионалната работа на снимателот на ТВ Тера од Битола, Никола Најдовски, од страна на лица ангажирани како обезбедување на ЈП „Комуналец“ – Битола.

Инцидентот се случил на стадионот „Петар Милошевски“ во Битола, каде што Најдовски снимал инсерти поврзани со културните манифестации во градот. При вршењето на својата професионална работа, лицата ангажирани како обезбедување вербално го нападнале и му ја одзеле камерата, со што го спречиле да продолжи со известувањето.

ЗНМ укажува дека ваквото постапување е недозволиво и претставува сериозно попречување на работата на медиумски работник. Никој нема право самоволно да одзема новинарска опрема или со притисок и закани да спречуваат новинар или снимател во извршувањето на неговите професионални задачи.

Имајќи ги предвид околностите на случајот, ЗНМ очекува надлежните институции да испитаат дали преземените дејствија можат да се разгледуваат и во контекст на член 139 од Кривичниот законик, кој ја регулира присилбата, односно употребата на сила или сериозна закана со која друго лице се присилува да стори, да не стори или да трпи нешто.

Ги повикуваме Министерството за внатрешни работи (МВР) и Основното јавно обвинителство (ОЈО) брзо и темелно да ги испитаат сите околности на случајот, да ги утврдат фактите и да преземат соодветни правни дејствија.

Новинарите и медиумските работници мора да имаат непречени услови за професионално известување, а секое попречување, заплашување или одземање на нивната опрема мора да биде соодветно санкционирано.

0 0



НОВО ЗА ВАС LAJME NË GJUHË



06/10/2026
АНАЛИЗА: Ново задолжу
милијарди евра, јавните
се ребалансираат, што ќе
новата буџетската година

06/10/2026
Извозот пораснал за 8,8
достигнал 8,15 милијарди

06/10/2026
ЕСЕ: Корупцијата во здра
храни од стравот и ранли
пациентите

05/10/2026
Со ученичка дебата во Со
одбележан Светскиот ден
наставниците

05/10/2026
„Тринаесеттиот“ на Лиди
меѓу финалистите за рег
книжевен избор „Штефи

МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА

ЗНМ: Осуда за грубите дисквалификации на

ЗНМ: Осуда за службеникот кој

ЗНМ и ССНМ: Владините прес-

Владата со народни пари фаворизира







РАДИО МОФ НА FACEBOOK

РАДИО МОФ НА TWITTER

X @RadioMOF

Official updates on X

Our live timeline is temporarily unavailable due to X limitations. You can still follow all updates directly on our profile.

РАДИО МОФ НА INSTAGRAM

Радио МОФ
32,449 followers

Follow Page Share

Радио МОФ
45 minutes ago

◆Во 2027 та ќе се издава нова Еврообврзница. Парите ќе се трошат за враќање на стари долгови но и за тековни буџетски потреби. На истекот од оваа година во најава е втор ребаланс на Буџетот, пишува Порталб. Власта вели дека јавните финансии се стабилни, опозициски блок обвинува дека државата влегува во должничко сценарио. Што покажуваат податоците за буџетската ликвидност и

View @RadioMOF on X

radiomof
15.2K followers

ЦЕНА 5 ЛЕВА

СМРТ НА ФАШИЗМОТ

нова Македони

ОРГАН НА НАРОДНО—ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ НА МАКЕДО

СРЕДА 22 НОЕМВРИ 1944 ГОД.

ЦЕЛА
Вардарска Македонија е ослободена!

ГЛАВНИОТ ГРАД НА МАКЕДОНИ
прекрасен граѓанозен дочек на големиот македонск
Во нашето Скопје пристигна и пр
Советскиот Сојуз мајор

За нас · Програма · Импр

Радио МОФ е непрофитен медиум. За да ви обезбедиме објективно и професионално информирање добиваме поддршка од повеќе организации. Содржините објавени на медиумот не ги изразуваат нивните ста ставовите на Младински образовен форум и се професионални медиумски содржини креирани од редакцијата на Радио МОФ.